За информации, контактирајте на:

Комисија за заштита на конкуренцијата
Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 кат)
1000 Скопје Република Северна Македонија
+38 9 2 3298 666
kzk@kzk.gov.mk

© 2023 Сите права задржани - Комисија за заштита на конкуренцијата



# САКАТЕ ЦЕЛОСНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ГЛОБА?

## ИМАТЕ ЕДНА ШАНСА ДА БИДЕТЕ ПРВИ ШТО ЌЕ СЕ ПРИЈАВИТЕ. ИСКОРИСТЕТЕ ЈА.

ПРОГРАМА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ИЛИ НАМАЛУВАЊЕ НА ГЛОБА
ЗА КАРТЕЛИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (КЗК).

Сите членови на картелот имаат еднакви шанси да ја пријават својата незаконска активност, но само еден може да се квалификува за целосно ослободување од глоба...и дури откако ќе исполнат одредени услови. За да се квалификувате мора да:

- Бидете прв кој ќе го пријави прекршокот во кој учествува членот на картелот
- Обезбедете докази доволни за КЗК да оправда и спроведе „прибавување на докази на лице место“ и потоа или да поведе прекршочна постапка против членовите на картелот или да ја заврши поведената прекршочна постапка со решение со кое се утврдува постоење на прекршок
- Целосно и континуирано да соработувате
- Веднаш да го прекинете прекршокот, освен кога тоа е неопходно според КЗК за да се зачува интегритетот на прибавување на докази на лице место (на пример, за да се заштити елементот на изненадување на кое било претстојно прибавување на докаи на лице место)
- Обезбедете релевантни информации вклучувајќи имиња и пристап до сегашните и поранешните вработени за интервјуа или подготовка на изјави на сведоци
- Известете ја КЗК за какви било проблеми со исполнување на роковите или барањата на КЗК
- Согласете се да не го откривате постоењето и содржината на барањето за leniency се додека КЗК не издаде прелиминарно известување, освен ако поинаку не е договорено со КЗК
- Согласете се да не уништувате, фалсификувате или прикривате релевантни информации или докази

**Поништување** Кандидатот кој нема да ги исполни условите за leniency за времетраењето на постапката ја губи можноста да добие ослободување или намалување на глоба.

**Принуда** Доколку доказите докажуваат дека член на картелот принудувал член кој не сакал да учествува во картелот, да учествува во истиот, членот виновен за принудата ќе има право само на намалување на глобата, а не и целосно ослободување од глоба.

## Ја пропуштивте шансата да бидете први што ќе пријавите?

**Сè уште може да се квалификувате за намалена глоба…**
**…или ослободување од глоба доколку прво пријавениот биде дисквалификуван.**

**Поттик** Сите членови на картелот имаат поттик „побргу е подобро“ да ја самопријават својата незаконска активност, ако и само ако ја зацврстат својата позиција во редот за ослободување или намалување на глоба. Доколку првиот подносител на барање не ги исполни условите за leniency, другите членови на картелот кои поднеле барање за leniency се движат нагоре во редот врз основа на времето на нивното самопријавување. КЗК може да ја намали глобата до 50 проценти за член на картелот кој не се квалификува за ослободување од глоба, но кој:

- Доставил до КЗК дополнителни докази што даваат значителен придонес во документирањето на прекршокот
- Целосно и континуирано соработува со КЗК

**Вредност** Клучен критериум за одредување на процентот ќе биде додадената вредност од доказите што ги обезбедува членот на картелот. Ова генерално, пак, ќе биде функција на времето, што значи фазата во која членот на картелот се пријавува, доказите што веќе ги поседува КЗК и доказната вредност на обезбедените докази. КЗК, исто така, ќе го земе предвид како фактор и целокупното ниво на соработка на подносителот на барањето.

## Загрижени сте за позицијата?

**КЗК издава потврда.**

**Потврда.** Откако член на картелот или поединец ќе ја извести КЗК за нивната намера да поднесе барање за leniency, КЗК веднаш го евидентира времето и редоследот на барањето во однос на другите примени барања и потоа издава формална потврда на барателот со која се потврдува датумот и време на прием[1]. Потврдата го штити местото на подносителот на барањето во редот во однос на другите подносители и го означува крајниот рок за поднесување на барањето

## Загрижени сте за заштита?

**КЗК гарантира анонимност.**

**Барање.** КЗК за поднесување на барање само бара од подносителите да обезбедат разумна, фактичка основа за сомневање за картелска активност и вистинска намера да го признаат погрешното постапување за да поднесат барање за leniency. Подносителите или нивните застапници може да ја посетат или да се јават во КЗК и да побараат да разговараат со одговорно лице во периодот од 9:30 до 15:30 часот, од понеделник до петок. КЗК ќе го почитува барањето на подносителот на барањето за анонимност. КЗК не прифаќа „заедничко поднесување на барање“ од повеќе од еден член на картелот. Подносителите може да ја контактираат КЗК на телефон, е-пошта или препорачано писмо

Објавено: мај, *2023*

[1] Член 8 и 11 од Уредбата за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката по која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глоба,